ЈП ПЛАВАЈА РАДОВИШ

# И З В Е Ш Т А Ј
За реализација на Програмата за одржување на гробиштата
за 2014 година

30.12.2014 година

ЈП " Плаваја" како носител на повекето дејности кои ги извршува преку своите работни единици, и се грижи за целокупната комунална дејност во општината , преку својата РЕ "Погребна служба" ги покрива дејностите во градските гробишта, гробиштата во населените места: Подареш, Ораовица и нас. Раклиш, и го исполни планот околу 85% зацртаните активности.

РЕ "Погребна служба" која брои 7 вработени од кои раководител, Шофер на погребна кола и 5 мина општи работници, се грижи и планира за нивното одржување и изведување на сите дејности што се одвиваат во истите.

Во тековната 2014 година ги реализиравме следните планирани активности:

Градски гробишта Радовиш

-извршени се ископ и закоп 134 погреби
-извршено е парцелизација на околу 50 гробни места
-направен е приод до истите
-чистење на гробиштата со рачни колички
-исчистениот смет и отпад со камион и трактори се однесе на градската депонија и тоа 24 со камион и 12 со трактори (тоа е направено на 4 пати)
-косење на тревата

Со оглед на тековната година која беше доста врнежлива, мораше почесто да се коси тревата (поточно 8 пати) од месец март до октомври.

По барање на граганите исечени се повеке видови на дрва, кои пречеа и беа опасност по спомениците.

-2 броја ореви, -1 -"- круша, -8 -" – бор, -1 –"- липа и др.

Чистењето се врши секојдневно, со оглед на тоа што површината е поголема.

Ископ и закоп се врши зависно од тоа кога има погреб.

Сите активности планирани во градските гробишта се скоро завршени освен патот планиран од кај кракот на Ул, "Ана Поцкова".

Насеба Раклиш

-Вршење на ископ и закоп 6 погреба
-Чистење на истите
-Сечење на дрва (багрем, брест, круша жбунови)
-Косење (извршено е 4 пати)

Село Ораовица

-Ископ и закоп (17 погреби)
-косење (4 пати)
-сечење на дрва и жбунови
-доградување односно санирање на оградата

Село Подареш

-Ископ и закоп (19 погреби)
-сечење на дрва (даб, брест, круша и жбунови)

Со оглед на тоа што во овие гробишта претходно се нема сечено ништо, потребно беше повеке време и ангажмант да се исечат посебно жбуновите (трње).

-Косење на тревата 4 пати

Бидејки населените места Воиславци и Сулдурци плакаат солидарен фонд, но само за погребна опрема таму немаме никакви дејства.

Изготвил
Андонов Лазар

ЈП Плаваја Радовиш